НОВО СРЦЕ

Неделен Христијански Интернет Билтен Година IV. бр. 136. Дата: 18. 06. 2012.

# Соништата



Знаете ли дека во просек една третина од животот ја поминуваме спиејќи? За тоа време се разбира и сонуваме. Но, дали знаете зошто сонуваме?

На прв поглед, сонот е метод за релаксирање, како да го праќаме мозокот на заслужен одмор во некои далечни светови. Но, технички гледано, соништата претставуваат масовни халуцинации. Да, навистина сонот е халуцинација која претставува фантастично патување кое ве ослободува од стресот. Мистичниот свет на соништата отсекогаш го будел нашето љубопитство.

Соновите се извор на возбудливи доживувања какви што не може да ни пружи реалноста и сосема нормално е човек да сака да го проучува тој таинствен аспект од својот живот. Светот на соништата раѓа многу прашања. Некои од нив ви ги претставуваме во текстот што следува:

**Дали сите сонуваат ?**

Докажано е дека буквално сите сонуваат па дури и бебињата. Некои луѓе повеќе ги помнат своите сонови од било која друга работа, а други редовно ги заборавaат и не се интересираат за соништата. Сонуваат и сите животни на планетата.



**Колку време поминуваме во сонување додека спиеме ?**

Секоја ноќ додека спиеме поминуваме од 2 – 3 часа во сонување. Просечниот човек сонува во текот на 20-25% од времето во кое спие. За време на еден просечен животен век, еден човек поминува дури 6 години сонувајќи.

Повеќето луѓе сонуваат 4-7 различни сонови секоја ноќ, но не ги помнат повеќето од нив. Најмалку 95% од соновите се заборавени. Соновите кои ги помниме најчесто се оние кои сме ги сонувале последни пред да се разбудиме. Се вели дека 5 минути по будењето заборавме 50% од содржината на сонот, а 10 минути по будењето заборавме дури 90% од соништата што сме ги сонувале преку ноќта.

**Зошто сонуваме ?**

Многу луѓе се обиделе да дадат одговор на ова прашање, но ниту еден одговор не ја решава целосно оваа мистерија. Денес многумина се обидуваат да најдат некакво мистично значење во соништата и преку нив да ја најдат некоја скриена порака. Иако дури и во Библијата има примери во кои Бог на некои луѓе им праќал порака преку сон, сепак ставот дека секој сон треба да се толкува и обидот во секој сон да се бара скриена порака, е погрешно и опасно.

Бог, преку пророкот Еремија, неколку пати предупредува дека некои луѓе, со многуте соништа само го заблудуваат народот. Тој нагласува дека тие соништа не се од Бог и дека преку нив, некои луѓе се обидуваат да го оддалечат народот од Бога.

Во следниот број на „НОВО СРЦЕ“, поконкретно ќе зборуваме за тоа кои се можните извори на нашите соништа и како да препознаеме за каков сон се работи. До тогаш ви го посакуваме Божјиот мир во текот на денот, а и навечер, додека сонувате.

**Адреса: „Ново Срце“, П. Фах 135, Неготино, 1440. Е-пошта : novosrce1@gmail.com**